



ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ТРЕТ ДРЖАВЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО МИРУВАЊЕ

# СКАПИ ПРИВАТНИ ЖУРКИ




**За да се избегне собраниската блокада за основање на трет државен универзитет во Тетово, беше прекината исцрпувачката маратонска расправа.**

**Седумдневен конфронтирачки дуел на релација власт - опозиција на тема владиниот предлог за основање државен универзитет во Тетово.**

Пишува: **Рената МАТЕСКА**

"Граѓанската иницијатива за т.н. 'тетовски универзитет' е нешто сосема друго и е надвор од важечките закони во Р. Македонија. Тие граѓански иницијативи се нелегални, според правилата за организирање или вршење високообразовна дејност"- истакна Илинка Митрева како пратеничка на СДСМ на 24 јули 2000 година на 53 Седница на Собранието на Р. Македонија во расправата за донесување на Законот за високо образование.

На истата собраниска дискусија Никола Поповски потенцира: "За мене совршено е јасно дека со овој закон можноста за државен универзитет во Мала Речица е закопана".

- "Тоа е она што задава проблеми кога го читам законот и кога гледам дека нема во него визија за иднината" - рече Радмила Шекеринска на споменатата расправа во Собранието на 24 јули 2000 година.

Денес, за разлика од 2000 година, СДСМ е со аргументи за донесување закон за основање на државен универзитет во Тетово, за разлика од опозиционата ВМРО-ДПМНЕ која според зборовите на пратеникот Слободан Даневски е во стилот "умри мушки - трет дел", подготвена ако ништо повеќе барем да го одложи донесувањето на контрадикторниот закон.

Со споменатиот закон никаде не се споменува легализирањето на дивиот малоречански универзитет, што значи дека и со основањето на новиот трет државен универзитет во Тетово, малоречанскиот (кој нелегално работи од 1994 година) ќе постои и ќе клонира милитантни кадри со големоалбански фанатизам. Предлог-законот се однесува единствено на основање трет државен универзитет во Тетово. Така Албанците не еден, не два, туку ќе имаат три универзитети на нивниот мајчин - албански јазик (Штуловиот, малоречанскиот и државниот). Сè е во стилот "три пољупца хоќу ја, неќу један, неќу два...".

**"Во секој поглед, нерационално е да се продолжи со дуплирањето, односно со паралелизмот на државните универзитети, бидејќи на тој начин се врши дисперзија на и онака ниските буџетски средства за високото образование"- е потенцирано во точката 4 од произнесените ставови на Универзитетскиот сенат на седницата на 30.10. 2003 година.**

## КАМЕН ЗА СОПНУВАЊЕ

- "Македонија е за сите, но мора да има правда. Во Македонија нема помали и поголеми. Сите сме исти" - се дел од пораките од неколкудневните протести што се одржуваа пред Собранието на Република Македонија, по повод собраниската процедура за донесување закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Во Собранието следеше жолчна неколкудневна маратонска расправа на оваа тема каде опозицијата остануваше будна до рано наутро и таму пораката "сите сме исти" не важеше. Според зборовите на опозицијата, тие со дискусиите се обидуваат да ја разбудат свеста кај позицијата за да го слушне гласот на народот. Донесувањето на законот е само прашање на време, додека некои нестрпливи Албанци - парламентарци повикуваа и потсетуваа, се заканува со "враќање во минатото".

Но, дали со владиниот предлог конечно ќе се стави точка на големоалбанските апетити со оглед на фактот дека со законот се предвидува основање нов трет државен универзитет, а не легализација на постоечкиот малоречански?

- "Владиниот Предлог за основање државен универзитет во Тетово се базира на Законот за високо образование" - потенцираше на собраниската расправа министерот за образование Азис Положани





појаснувајќи дека новиот универзитет би се финансирал принципиелно, исто како и другите универзитети во државава.

Би било убаво за сите нас кога министерот Положани би бил, исто така, упорен нашето насушно образование (каде што се опфатени и Македонците) да го модернизира и унапреди од рангот на европското образование признато и ценето во светот. Би било добро кога Теута Арифи, како за основањето на државен универзитет во Тетово, би се залагала исто така за што поскоро влегување на Република Македонија во европското семејство каде националната припадност, верска и слично, е ирелевантна. Би било добро кога Дедо Мраз сите овие желби би ни ги донел како новогодишен подарок. Арно ама веќе созреавме сиве овие тринаесет години самостојност и сфативме дека не постојат волшебници и дедо мразовци. Сè зависи од нас. Единствено ние самите можеме да си ги решиме своите проблеми, а тука пред сè се мисли на образовните. На крајот на краиштата, имаме ли потреба од такви лук-



сузи - Тетово да го направиме град со три универзитети, најголем "универзитетски метропол" на светот?

## ПРОТЕСТИ

Дел од студентите од двата државни универзитета, поддржани од Средношколската унија на Македонија, политички партии и невладини организации се решија да протестираат против формирањето трет државен универзитет во Тетово. Во своите говори студентите потенцираа дека пред Собранието на Република Македонија дошле "за да ја зачуваат Македонија и македонското прашање". Студентите се оградија од, како што рекоа, сите невкусни пароли на протестите. Според некои најмладите се најподложни за манипулирање.

- "Кога побаравме да се намалат цените во студентските домови никој не не слушаше. Сите велеа дека Министерството за образование и наука нема пари. Од каде сега пари за финансирање на тетовскиот универзитет" -запрашаа претставниците на Координативното тело.

Учесниците во протестите од пред Собранието својот револт го искажаа и пред Министерството за образование и наука и Владата на Република Македонија.

- "Ние немаме партија. Наша партија е Македонија", повторија членовите на Координативното тело, демантирајќи ги наводите дека одредени политички партии стојат зад нивната иницијатива.

На протестот се приклучија повеќе граѓани од други делови на земјава кои, според организаторите, допатувале во Скопје самоиницијативно. По првиот ден од протестите, претставниците на Координативното тело ги прими единствено претседателот Трајковски кој им ветил дека ќе им обезбеди средба со премиерот Црвенковски. - "И ние идната година ќе треба да ги плаќаме приватните журки на командантите од УЧК и од Тетово. Го имаат Штуловиот универзитет, Педагошката академија, позитивните квоти. Дека е многу, многу е. Нема да дозволиме создавање втор универзитет на албански јазик" - порача Златко Јанковски, лидер на Средношколската унија, обраќајќи се на протестот.

## МАНИПУЛАЦИИ

- "Најенергично демантираме дека ВМРО-ДПМНЕ стои зад студентските протести. Повторуваме дека протестите ги поддржуваме", изјави потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ Ганка Самоиловска - Цветанова, по повод обвинувањата дека ВМРО-ДПМНЕ стои зад протестите.

- "СДСМ има сознанија дека зад протестите стои опозицијата, односно тие се организирани од ВМРО-ДПМНЕ", реагираше пратеникот на владејачката партија, Иван Анастасовски.

- "Сметам дека целата македонска јавност е изманипулирана. Прашање е што всушност сакаат да легализираат во Тетово. Станува збор за имплементација на дел од Рамковниот договор со којшто се предвидува државно финансирање на високо образование на албански јазик", изјави потпретседателот на ДПА, Мендух Тачи.

Додека траеја протестите претседателката на ССУКМ, Марија Стамболиева, заедно со претседателите на сојузите на матичните факултети одржаа средба по што соопштија дека не ги поддржуваат протестите.

Ректорот на Скопскиот универзитет, Александар Анчевски, изјави дека протестите се студентска работа. Тој, сепак, рече дека "првенствено" ја поддржува ССУКМ. - "Како што тргнало, 2010 година ќе протестираме Скопскиот универзитет да не се вика Скендер-бег. Како Македонци имаме право да се бориме за нашите права и слободи, бидејќи од страна на државата нема кој да ни ги заштити" - рече поранешниот пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, Филип Петровски.

Група професори од скопскиот и битолскиот универзитет изразија револт од намерата на Владата за формирање државен универзитет во Тетово. Според нив, легализацијата на овој универзитет е договор меѓу двете политички партии на власт при што не се почитувани основните нормативи од Законот за високо образование.

**Во Тетово веќе од 20 ноември 2001 година, со Законот за Високо образование функционира Универзитетот на Југоисточна Европа на кој наставата согласно со охридскиот Рамковен договор преточен во Уставните амандмани се одвива и на албански јазик. Според многумина, со ЈИЕ е затворено прашањето за високото образование на албански јазик.**